Die Oberbürgermeisterin | Stadt Köln

Здравствен водич на семејните центри за основно образование



Mazedonisch

# Здравствен водич на семејните центри за основно образование

„Здравствениот водич“ е понуда достапна во 9 семејните центри за основно образование во урбаниот реон на Келн. Првично е наменета за сите ученици, семејства и специјалисти во училиштата.
Здравствените водичи се обучени медицински сестри за деца и ве советуваат околу сите теми во полето на здравствената нега, болеста и спречувањето болести.

Целта на понудава е да им се овозможи на децата на растат што е можно поздраво.

- Дали вашето дете честопати се чувствува уморно и слабо?
- Не јаде добро?
- Дали му се повторуваат симптоми или има хронична болест?
- Не сте сигурни дали треба да посетите лекар?
- Дали ви треба поддршка при изборот на соодветен лекар?

Не двоумете се да нè контактирате!

За да се разбераме едни со други подобро, нашите здравствени водичи можат да ангажираат толкувачи за толкување преку камера.

**Понуди за родителите, учениците и специјалистите во училиштата.**

**Советување на теми, како:**

- Што е тоа здраво јадење?
- Како да го одржувам моето тело здраво?
- При кои симптоми треба да се посети лекар?
- Како му оди на моето хронично болно дете на училиште?
- Какви лекари се достапни за какви болести и како се изведуваат прегледите?
- Како се аплицира за посети на бањи, медицински третмани итн.

**Медијација**

Ако на вашето дете му е потребен лекарски третман, со задоволство ќе ви помогнеме да го најдете правилниот лекар, советувалиште или клиники и да договорите термин.

## Понуди за родителите, учениците и специјалистите во училиштата.

### Поддршка

Ако сакате, може и да ви понудиме поддршка при првичниот термин на лекар или во центарот за советување.

### Групна понуда

Освен индивидуално советување, ви нудиме предавања и групни понуди на теми за здравјето во семејните центри за основно образование.



„Здравствениот водич" е понуда на Одделот за здравство на Келн. Сите понуди се доброволни и бесплатни. Ако сте заинтересирани, зборувајте со здравствените водичи во вашето основно училиште или контактирајте со нас на: Gesundheitslotsendienst@stadt-koeln.de

Во моментов работиме со следните училишта:

- GGS Konrad-Adenauer-Straße
- GGS Merianstraße
- GGS Riphahnstraße
- KGS Langemaß
- GGS Lustheiderstraße
- GGS Zehnthofstraße / James-Krüss-Grundschule
- KGS Zehnthofstraße
- GGS Ketteler Straße / Schule IM Süden
- GGS Görlinger Zentrum / Schule Kunterbunt

kinderstark
NRW schafft Chancen

Финансирано од:

Ministerium für Kinder, Familie, Flüchtlinge und Integration des Landes Nordrhein-Westfalen

**Gesundheitsamt Köln**
Gesundheitslotsendienst an den
Familiengrundschulzentren
Neumarkt 15 – 21, 50667 Köln

Telefon: 0221 / 221-32419
Fax: 0221 / 221-24036
gesundheitslotsendienst@stadt-koeln.de

Овде ќе го најдете летокот
на други јазици:

**Die Oberbürgermeisterin**

Gesundheitsamt
Amt für Presse- und Öffentlichkeitsarbeit

Дизајн и печатење
Zentrale Dienste der Stadt Köln

Заслуга за фотографијата
Наслов: Rido / stock.adobe.com; SolStock / iStock.com

13-Si/062-22/53/250/02.2022